СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
Примено: 08.10.2019
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
03 | 972/3

Република Северна Македонија

# Министерство за здравство

- Сектор за нормативно-правни, управни работи и здравствено осигурување -

3 октомври 2019 година

бр. 11-6278/2
07-10-2019 година

Врз основа на член 127 став (1) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19 и 180/2019), министерот за здравство донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА СОГЛАСНОСТ ОПШТ АКТ НА СТОМАТОЛОШКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**1.**

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за програмата за дополнителна обука и проверка на стручните знаења и способности на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата, составот на испитната комисија и начинот на спроведување на проверката („Службен весник на Република Македонија” бр. 115/2015), донесен од Собранието на Стоматолошката комора на Македонија на седница одржана на 8 април 2019 година и заведен во Стоматолошката комора на Македонија со **бр. 02-458/14 од 24 април 2019 година.**

**2.**

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**М И Н И С Т Е Р**
**доц. д-р Венко Филипче**

доставено до:
- Стоматолошка комора на Македонија
- архива

Дејан Д. Николовски, дипл. правник

*раководител на сектор*
Анка Георгиевска, дипл. правник

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
д-р Владимир Милошев


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
ул. 50-та Дивизија бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

Арх. знак 0201
Рок на чување тр.
24.04.2019 год.
Потпис,

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

ул. Антон Попов бр.1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852

Бр. 02-458/14
24.04. 2019 година, Скопје

Врз основа на член 127 став (1) од Законот за здравствена заштита „Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и член 21 став (1) алинеја 21 и член 81 став (1) алинеја 12 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, Собранието на Стоматолошката комора на Македонија на седницата одржана на 08.04.2019 година донесе

Правилник за изменување и дополнување на
Правилникот за програмата за дополнителна обука и проверка на стручните знаења и способности на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата, составот на испитната комисија и начинот на спроведување на проверката

**Член 1**

Во Правилникот за програмата за дополнителна обука и проверка на стручните знаења и способности на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата, составот на испитната комисија и начинот на спроведување на проверката ,,Службен весник на Република Македонија" бр. 115/17 во член 3, по став (1 ) се додава нов став (2 )кој гласи:

„(2) Дополнителната обука, согласно програмата од член 2 од овој правилник, за докторот на стоматологија на кој привремено му се одзема лиценцата за работа во траење од еден месец поради необновување на лиценцата за работа во утврдениот рок, изнесува еден месец, и се спроведува од страна на едукатор со академско звање."

Ставовите (2), (3) и (4), стануваат (3), (4) и (5).

Во став 3 зборовите:
„шест месеци" се заменуваат со зборовите „еден месец ",
а зборовите „три месеци" се заменуваат со зборовите „еден месец".

Во став 4 зборот:
„шест" се заменува со зборот „три".

Во став 5 зборот:
„девет " се заменува со зборот „шест".

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО - MINISTRIA E SHËNDETËSISË
СКОПЈЕ - SHKUP

**Член 2**

(1) Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објаување во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од Министерот за здравство.

(2) Овој правилник ќе се објави и во гласилото на Комората и на интернет страницата на Комората.

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Д-р Маријан Денковски**
__________________________________

**Собрание на**
**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Д-р Оливер Манасиев**
__________________________________